РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-017/2017

*ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА*
**Бр.08-5948/1 од 13.10.2022 година**
С К О П Ј Е

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 22 од Уредбата за канцелариско и архивско работење ("Службен весник на РМ" бр.1/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПЕЧАТОТ И ШТЕМБИЛИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И НАЧИНОТ НА НИВНАТА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ

## I. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на евидентирање на печатот и штембилите на Општина Гази Баба, начинот на нивната употреба и чување, овластувања за чување и ракување со печатите и штембилите, постапување во случаи на губење или кражба на печат или штембил а содржи и посебни одредби за посебен печат во употреба во секторот за урбанизам и градежно земјиште.

## II. ПЕЧАТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 2**

1) Општина Гази Баба има печат чија форма, големина и содржина е утврдена во член 8 од Статутот на Општина Гази Баба.

2) Печатот на Општина Гази Баба го употребуваат Градоначалникот и Советот на Општина Гази Баба (органите на општината) и општинската администрација на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: печатите).

3) Печатите на Општина Гази Баба се ставаат на левата страна на потписот на овластеното лице за потпис.

4) Печатите на Општина Гази Баба се употребуваат од овластени службеници за чување и ракување, исклучиво во службените простории во седиштето на општината.

5) По исклучок од став (4) на овој член, ако се преземаат службени дејствија надвор од службените простории во седиштето на општината, печатите може да се употребуваат и надвор од седиштето на општината.

6) Во случаи на употреба на печатите од став (5) на овој член, овластените службеници се должни да изготват службена белешка со краток опис на настанот.

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**Член 3**

1) Печатот на Општина Гази Баба кој го употребува општинската администрација, преку овластени службеници за чување и ракување, **не è нумериран**.

2) Печатот на Општина Гази Баба кој го употребува Градоначалникот на Општина Гази Баба преку овластен службеник за чување и ракување е нумериран со **број 1**.Овој печат се користи исклучиво и само за поднесоци, акти или други писмена потпишани лично од Градоначалникот на Општина Гази Баба или при употреба на факсимил печат (репродукција на потписот истоветна со неговиот изворник) на Градоначалникот на Општина Гази Баба од овластен службеник за чување и ракување со факсимил печат.

3) Печатот на Општина Гази Баба кој го употребува Советот на Општина Гази Баба преку овластен службеник за чување и ракување е нумериран со **број 2**.

4) На поднесоци, акти или други писмена потпишани од членот на советот кој го заменува Градоначалникот на Општина Гази Баба во случаи на спреченост или отсуство во согласност со закон, се употребува печатот на Општина Гази Баба од став (1) на овој член.

5) Во итни случаи или постоење на други непредвидливи состојби и околности од кои неможе со сигурност да се утврди кој печат треба да биде употребен, или доколку поради најразлични објективни и субјективни причини печатите од ставовите (2) и (3) се недостапни, а дејствијата кои треба да се превземат се од итна природа која не трпи одлагање, во интерес на органите на општината и општинската администрација се употребува печатот на Општина Гази Баба од став (1) на овој член.

6) Печатите на Општина Гази Баба се изработува од гума, пластика, метал или друг соодветен материјал.

7) Овластените службеници за чување и ракување со печатите на Општина Гази Баба, печатите ги чуваат од механички оштететувања грижливо и на безбедно место исклучиво и само во определените простории каде се користат од овластените службеници.

8) Се забранува давање на користење и послуга на печатите на Општина Гази Баба на неовластени лица.

## III. ШТЕМБИЛИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 4**

1) Општина Гази Баба има штембили кои се употребуваат за евидентирање на акти и други писмена на органите на општината и општинската администрација, како и за евидентирање на акти и други писмена кои се доставени до органите на општината и општинската администрација на Општина Гази Баба.

2) Штембилите од став (1) на овој член не се идентични.

3) Штембилите се користат од овластени службеници за чување и ракување.

4) Штембилот има форма на правоаголник, го содржи името на општината и нејзиното седиште, кои се испишуваат хоризонтално едно под друго, а под нив се остава празен простор за впишување на број на актот, на други писмена и на датумот на негово издавање.

5) Отпечатокот од штембилот по правило се става во заглавието на актот и на другите писмена, од неговата лева страна или може да биде отпечатен и во заглавието на актот или на другите писмена.

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

6) По исклучок од став (5) на овој член, отпечатокот од штембилот може да се става во заглавието на актот и на другите писмена и од неговата десна страна или друг слободен простор на актите односно писмената.

7) Општината може по потреба да има повеќе штембили со иста содржина.

8) Штембилите се изработува од гума, пластика, метал или друг соодветен материјал.

9) Штембилите се чуваат на ист начин, како што се чуваат и печатите на Општина Гази Баба, пропишан во член 3 став (7) од овој правилник.

## IV. ЕВИДЕНЦИЈА НА ПЕЧАТИТЕ И ШТЕМБИЛИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 5

1) Општинската администрација преку секторот за правни и општи работи, води и тековно ажуририра посебна евиденција за печатите и штембилите кои ги има општината или со кои би се стекнале во иднина (печат бр.3, 4, 5... или штембили со нови содржини итн).

2) Евиденцијата од став (1) на овој член, содржи: број и датум на одлуката со која е набавен печатот / штембилот; отпечаток на печатот / штембилот; реден број на печатот / штембилот; почеток на употреба на печатот / штембилот; број и датум на овластување на службеникот за употреба на печатот / штембилот, потпис на овластениот службеник за употреба на печатот / штембилот; негово ставање вон употреба и забелешка.

3) Формата на прегледот на евиденцијата на печатите и штембилите од став (1) на овој член се дадени во **Образец 1**, составен дел на овој правилник.

## V. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ЧУВАЊЕ И РАКУВАЊЕ СО ПЕЧАТИТЕ И ШТЕМБИЛИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 6

1) Печатите и штембилите на Општина Гази Баба се употребуваат врз основа на издадени овластувања од Градоначалникот на Општина Гази Баба кои задолжително содржат и приказ од отпечаток на печатите односно штембилите.

## VI. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ГУБЕЊЕ ИЛИ КРАЖБА НА ПЕЧАТ ИЛИ ШТЕМБИЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 7

1) Во случај на губење или кражба на печат или штембил на Општина Гази Баба, овластениот службеник е должен да го пријави настанот кај непосредниот раководител на организационата едница кај која е евидентиран изгубениот или украдениот печат или штембил, односно секретарот на општината доколку во организационата единица овластениот службеник нема непосреден раководител.

2) Непосредниот раководител односно секретарот на општината од став (1) на овој член, изгубениот или украдениот печат или штембил (со прилог копија од отпечатокот) го објавуваат за неважечки во "Службен весник на Република Македонија", во рок од 3 (три)

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

дена од денот на пријавувањето и истотото се евидентира во прегледот на евиденцијата за печатите и штембилите од член 5 став (3) од овој правилник.

3) Доколку по објавувањето на печатот или штембилот за неважечки во "Службен весник на Република Македонија", истиот се пронајде, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од три члена која во рок од 1 (еден) ден печатот или штембилот ќе го поништи така што ќе го пресече на два дела и за тоа ќе состави записник, од кој по еден примерок се доставува до секторот за правни и општи работи и до овластениот службеник кој пријавил изгубен или украден печат или штембил.

4) Во случаи на кражба на печат или штембил на Општина Гази Баба, покрај постапката од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се поднесува и соодветна пријава до надлежен државен орган.

## VII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ПЕЧАТ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (затекната состојба)

### Член 8

1) Општина Гази Баба има посебен печат со пречник од 37 мм кој го употребува секторот за урбанизам и градежно земјиште.

2) Печатот од став (5) на овој член се разликува од печатот на Општина Гази Баба и има дополнителен круг со впишан текстот "сектор за урбанизам и градежно земјиште".

3) Со денот на влегување во сила на овој правилник, од причини на отстапување од статутарните одредби пропишани во член 8 од Статутот на Општина Гази Баба, печатот од став (1) на овој член престанува да се употребува. Истото се констатира со посебен акт на Градоначалникот на Општина Гази Баба, а печатот од став (1) на овој член на записник се предава од овластениот сужбеник за чување и ракување со печатот од став (1) на овој член на службеник од секторот за правни и општи работи.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 9

1) Овластувањата за чување и ракување со печати и штембили на Општина Гази Баба издадени до денот на влегување во сила на овој правилник, се полноважни се додека писмено не бидат отповикани.

2) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
Бобан Стефковски

изготвил: Васко Апостоловски

одобрил: секретар на Општина
Невенка Стаменковска Стојковски

Образец 1

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПЕЧАТИ И ШТЕМБИЛИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

| Набавка со акт (број и датум) | Отпечаток на печат/штембил | Реден број на печат/штембил | Почеток на употреба | Овластување за употреба (број и датум) | Потпис на овластениот службеникот | Ставен вон употреба | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

* Член 5 од Правилник за евиденција на печатот и штембилите на Општина Гази Баба и начинот на нивната употреба и користење, бр.08-5948/1 од 13.10.2022 година